РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 04-1459/16
17.8 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и „Службен весник“ на РСМ број 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 И 208/2024), Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог кандидати за вработување број 10-1726/8 од 17.8.2026 година директорот на Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 (еден) извршител по јавен оглас број 493/2026 за работно место Советник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците**

1. За извршител на работите од работното место со шифра УПР0101В01000, и назив на работното место советник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците во Подрачно Одделение на Бирото со седиште во Штип, Сектор за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците, по јавниот оглас број 493/2026, се избира кандидатот **Валентина Михаиловска** со идентификациски код 7В8154В

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

***О б р а з л о ж е н и е***

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение од директорот на Агенцијата за администрација број 10-1726/3 од 20.7.2026 во функција на спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието број 493/2026 објавен на 15.7.2026 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страницата на Агеницијата за администрација, спроведе постапка за административна селекција (Записник број 10-1726/4 од 30.7.2026 година), Испит за административен службеник (Записник број 10-1726/6 од 13.8.2026 година) и Проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник (Записник број 10-1726/7 од 14.8.2026 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидат за вработување број 10-1726/8 од 17.8.2026 година со кој го предложи кандидатот број 1 за работното место наведено во огласот и истите се доставија до директорот на Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието.

Директорот на Министерство за образование и наука - Бирото за развој на образованието по добивање на конечната ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Агенцијата за администрација
- Одделението за управување со човечки ресурси
- архива

**Директор**

м- р Милка Тримчевска

Изготвил: Емилија Пановска
Одобрил: м-р Оливер Станојоски